АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 09. 06. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2733 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 29 мај 2017 година, емисија „Квинтесенција" со Ацо Станковски, (17:00:00 – 17:55:40)

4. **Датум на извршување на надзорот:** 9 јуни 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (посебни забрани);

6. **Претходно изречена мерка:** Во 2017 година нема мерка по член 48

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор реализиран по службена должност врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 29 мај 2017 година, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на посебните забрани од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**. Предмет на надзорот беше емисијата „Квинтесенција" со Ацо Станковски, емитувана премиерно на 29 мај во 17 часот и репризирана на 30 мај околу 3 часот по полноќ, во која водителот Ацо Станковски има неколку искази и ставови кои можат да бидат перцепирани како навреди и клевети кон одредени политичари и политичарки, како и конспиративни теории и искази кои звучат шокантно за јавноста, но кои се разгледуваат на таков начин и во таков контекст што не можат да се оквалификуваат како поттикнување на насилно уривање на уставниот поредок на земјата, ниту како повици на воена агресија или оружен конфликт. Исто така, исказите кои можат да бидат сфатени како навреди и клевети се однесуваат на јавни функционери кои, согласно актите на Советот на Европа, треба да бидат подготвени да бидат изложени на поголеми критики од јавноста.

Емисијата „Квинтесенција" со Ацо Станковски, според „Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми"[1], претставува актуелно-информативна говорна шоу програма,

[1] „Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми", достапно на: http://avmu.mk/images/Upatstvo_za_nacinot_na_klasifikacija_na_vidovite.pdf

односно вид програма за која е карактеристична продлабочена анализа на актуелни или на реактуелизирани глобални, регионални и/или домашни општествени случувања, настани и теми, која најчесто има точно утврден термин од програмската шема и е реализирана како студиска програма, осмислена од еден или од повеќе постојани водители. Во конкретнава емисија авторот Ацо Станковски, ја анализира политичката состојба во земјата, но и на глобално ниво, со дополнителни размисли околу можните текови на политичката сцена во периодот кој следува.

*Транскрипт на сегментите од емисијата*
*во кој се изнесени проблематичните изјави:*

17:25:32–17:28:10

*„Од една страна, може да се согласиме со реалноста, да бидеме трпеливи според онаа стара мудра трпение спасение, а може и да бидеме револуционерно настроени т.е. да не ја прифаќаме таа реалност па да фатиме да се организираме во „Fasci di combattimento" што би рекол Мусолини, значи во групации на отпорот меѓутоа или на борба, меѓутоа и едното и другото како да е сосема ирационално затоа што живееме во сосема променет свет, свет кој е премногу комплексен за да се решава преку револуционерни обиди, нели траектории, но исто така премногу длабок и поливалентен за да една структура може да наметне некоја своја волја и таа да биде беспоговорно воспоставена како еден вид реалност."*

17:28:54–17:29:43

*„На пример, може најтема моментално е креирањето на новата влада од страна на мандатарот г. Зоран Заев, кој едноставно ги изнесе тие имиња, некои викаат дека таа влада ја составувала лично Могерини, или заедно ја составувале, на кревет со душеци наполнети од ноеви перја."*

17:29:59-17:34:17

*„Значи многу луѓе, многу аналитичари, многу мислители и политиколози промислувајќи доаѓаат до конклузии дека всушност Зеко е само еден „патци" нели, всушност еден инструментален зајак или ако сакате стаорец кој е тука донесен да ја одработи гнасната работа која народот тешко ќе ја проголта, но на сила еве како што го избраа господинот Талјат Џафери на еден паралелен, непротоколарен начин кршејќи ги сите тие деловнички прописи. Така исто може да се случи и со измената на името, може да дојде и до uprising а можеби и не, затоа што веќе најдоа модус како тоа да го прават, а тоа го прават со chemtrail-овите, со прскање на седативи. Затоа сите сме како измрцварени, цело време сме поспани, ни се спие, мислите тешко се артикулираат, цело време имаме желба да одмараме, да ги наслониме своите тешки глави врз некоја мека перница и тука да медитираме додека не дојде сонот, а потоа повторно со нова надеж и се така."*

17:50:56-17:52:43

*„Како добронамерен граѓанин кој секогаш бил лојален на државата, и легалист, би им препорачал да не се бават премногу со некаков реваншизам, а пред сè да не удрат по проектот „Скопје 2014", на пример по преместување на спомениците или рушење на спомениците, или повторно враќање на старите офуцани и дотраени фасади. Тоа би била катастрофална грешка, зошто на тој начин би го испровоцирале народот повторно да се крене, овој пат би се кренал со фуриозен бес и огромна лутина и тоа би било фатално за оваа, и така нестабилна Влада, со само 62 пратеника."*

*„Меѓутоа, нивната прилично нестабилна позиција да се оптоварува со одредени политички, дневно политички тригери кои би го иритирале или провоцирале населението т.е. граѓаните на Македонија, како што оние мајмуни од архитекти најавуваат, тие исфрустрирани, искомплексирани, некреативни и завидливи суштества, демек да се вратат фасадите како што биле."*

17:53:30-17:54:18

*„Воопшто би било одвратно пред граѓанството да почне еден таков процес на десолуција или преместување на спомеников на Александар Македонски за да им се направи атер на Грците. Тоа сè може да биде контрапродуктивно и едноставно со такви непромислени акти, а додворувачки акти, типични за една политичка групација која нема ниту идеи, ниту визија, нит капацитет за спроведување на сето тоа, едноставно ќе дојде до uprising и македонскиот народ може да ги обори и повторно да ги фрли во Вардар, или да ги згази или било што друго. Затоа, треба да бидат умни и да влечат суптилни и не така драконски потези".*

***

Според актите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, секое ограничување на слободата на изразување треба да биде резултат на мониторинг кој „треба да го следи начинот на кој Европскиот суд за човекови права проценува дали има или нема потреба од ограничување на слободата на изразување во секој поединечен случај... цитирајќи го не само Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, туку давајќи и објаснување за легитимната цел за таквата одлука и зошто е потребно такво ограничување на слободата на изразување во едно демократско општество"[2]. Ова значи дека, за да се утврди дали се исполнети сите услови од трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), потребно е да се утврди дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон, има легитимна цел и е неопходно во демократско општество.

*Дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон?*

Одговорот на ова прашање, ќе го понуди прегледот на меѓународната и македонската регулаторна рамка која е релевантна за оценувањето дали во емисијата „Квинтесенција" на Радио Слободна Македонија

[2] Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.28, достапен на: http://www.avmu.mk/images/Vodic_za_monitoring_na_govorot_na_omraza.pdf

емитувана на 29 мај 2017 година во 17 часот и репризирана на 30 мај во 3 часот е прикажана содржина која е спротивна на посебните забрани од член 48 од ЗААВМУ.

Слободата на изразување и условите за нејзино ограничување во Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) се пропишани во членот 10:

Член 10

„Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата да се застапува одредено мислење и да се примаат и даваат информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да бараат лиценцирање на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос или кината".

„Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и должности и одговорности, може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања или казни кои се пропишани со закон и неопходни за едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување на немири или криминал, за заштита на здравјето и моралот, за заштита на репутацијата или правата на другите, за спречување на откривањето доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасност на судството"[3].

Од македонската регулатива, во конкретниов случај релевантен е Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗААВМУ („Службен весник на Република Македонија бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) кој содржи посебни забрани, согласно кои:

Член 48

„Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.

Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права".

Имајќи го предвид барањето од член 48 став 2 од ЗААВМУ - секоја примена на посебните забрани да биде во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права, во конкретнава ситуација релевантен е случајот **Хендисајд (Handyside) против Велика Британија**[4].

[3] Европска конвенција за човекови права, член 10, достапна на: http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf
[4] Достапно на македонски јазик на: http://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-141062

Во случајот, судот во Велика Британија го казнил Хендисајд – издавач на книгата насловена Малиот црвен учебник (Little Red SchoolBook) оценувајќи дека нејзината содржина е провокативна. ЕСЧП пак, утврдил дека нејзиното издавање е во согласност со исклучокот од член 10 став 2, и оти член 10 не важи само за „информациите или идеите кои се примаат поволно или се сметаат за ненавредливи или индиферентни, туку и за оние кои ја навредуваат, шокираат или вознемируваат државата или некој дел од населението. Такви се барањата на плурализмот, толеранцијата и широкото сфаќање и без нив нема демократско општество".[5]

*Дали ограничувањето на слободата на изразување има легитимна цел и дали е неопходно во едно демократско општество?*

Во емисијата „Квинтесенција", водителот зборува за можните облици на политичко дејствување во иднина и вели: *„Од една страна, може да се согласиме со реалноста, да бидеме трпеливи според онаа стара мудра трпение спасение, а може и да бидеме револуционерно настроени т.е. да не ја прифаќаме таа реалност па да фатиме да се организираме во „Fasci di combattimento" што би рекол Мусолини, значи во групации на отпорот меѓутоа или на борба...".* Во овој исказ, водителот реферира на фашистичката партија на Мусолини, која тој ја толкува како форма на отпор и политичка борба. И покрај контроверзноста на историскиот концепт поврзан со партијата како и со самиот лик на Мусолини, водителот не повикува на насилство и оружен конфликт, туку прави паралела на овие поими наспроти актуелната политичка ситуација во земјата и заклучува: *„...меѓутоа и едното и другото како да е сосема ирационално затоа што живееме во сосема променет свет, свет кој е премногу комплексен за да се решава преку револуционерни обиди, нели траектории, но исто така премногу длабок и поливалентен за да една структура може да наметне некоја своја волја и таа да биде беспоговорно воспоставена како еден вид реалност."* Расправата за фашизмот во ваков контекст влегува во рамките на ставот на ЕСЧП во случајот Хендисајд против Велика Британија за тоа дека член 10 од Европската конвенција за човекови права не се однесува само на „информациите или идеите кои се примаат поволно или се сметаат за ненавредливи или индиферентни, туку и за оние кои ја навредуваат, шокираат или вознемируваат државата или некој дел од населението".

Во изјавите на водителот Ацо Станковски, можат да се забележат ставови кои можат да бидат перцепирани како навреди упатени кон политичари и политичарки. Во овој контекст, за конкретнава анализа релевантна е „Декларацијата за слобода на политичка дебата во медиумите" на Комитетот на министри при Советот на Европа[6], особено начелото со наслов „Надзор на јавноста над јавни функционери" според кое:

„Јавните функционери мора да прифатат дека тие ќе бидат предмет на јавен надзор и критики, посебно по пат на медиумите во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции во онаа мера во која тоа е неопходно поради обезбедување транспарентност и одговорно извршување на функцијата".

Инаку, навредата и клеветата се регулирани со Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, по кој Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема ингеренции да постапува.

---

[5] Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.3, достапен на: http://www.avmu.mk/images/Vodic_za_monitoring_na_govorot_na_omraza.pdf.
[6] Декларација за слободата на политичката дебата во медиумите, стр. 4, достапна на македонски јазик: http://www.avmu.mk/images/Dec2004PoliticalDebate_mk.pdf

Од претходниот дел од анализата се заклучува дека иако е пропишано со закон, согласно практиката на ЕСЧП и одредбите на други релевантни европски документи, ограничувањето на слободата на изразување и информирање, во овој случај нема легитимна цел и не е неопходно во едно демократско општество.

**8. Опис на прекршувањето:**

/

**9. Предлог:**

/

***Сектор за програмски работи***